09-368/7
07-08-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-368/1 од 24.01.2024 година против лицето _______, ректор на Универзитетот ___________ и член на Советот ______________, **СЕ ЗАПИРА.**
По доставениот Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог, поради констатирани повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, службеното лице изврши уплата на предвидената глоба, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-368/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ___________ со бр. 09-9773/1 од 29.12.2022 година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на Совет ________________________ во исто време ја врши и функцијата ректор на Универзитет _____________, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето ______________, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-368/2 од 06.02.2024 година со цел добивање на информации дали истото лице се уште ги врши наведените функции.

Службеното лице ______________не достави одговор по горенаведеното барање до Државната комисија за спречување на корупцијата.

По проверка во Електронскиот деловодник на Државната комисија за спречување на корупцијата констатирано е дека ДКСК веќе постапувала по предмет број 09-189/1 од 11.01.2023 година, во кој помеѓу другото, имало индиции за тоа дека истото лице од овој предметен случај извршува две функции и тоа: член на Советот ________________ и ректор на Универзитетот ____________.

Во постапување во конкретниот предмет, потврдена е состојбата дека лицето ______________ во исто време ги извршува гореспоменатите функции, со што ја прекршил забраната од член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

За таа цел, составен е Записник за констатиран прекршок со бр. 09-189/9 од 25.04.2023 година и издаден е Прекршочен платен налог со бр. 09-189/10 од 25.04.2023 година за лицето ______________.

На ден 12.07.2023 година со допис заведен со бр.09-189/17, лицето ______________ доставило доказ за уплата на глоба по изречен прекршок, како и копија од Достава на оставка со приемен печат, доставена до Советот _______________ на ден 01.06.2023 година.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Ц.Р - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk